Димитар ДИМЕСКИ

# ПРИЛИКИТЕ ВО БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ ВО 1894 И 1895 ГОДИНА

Корупцијата, неправдите, теророт и разбојништвото ги карактеризираат последните години од валијството на Мехмед Фаик-паша во Битолскиот вилает. Тогаш сигурноста на животот, имотот и честа биле сведени на минимум. Од недамнешната фаријска институција на Халил Рифат-паша, со која се сечеле гранките на разбојничката дејност, останале само убави спомени.

Целиот вилает се нашол во вителот на разновидни разбојнички бесчинства. Грабежи, палежи, силувања и убиства станале речиси секојдневна појава. Бројни муслимански разбојнички банди, составени претежно од албански елемент, ги преплавиле и сосипале Дебарско, Струшко, Охридско, Ресенско, Кичевско, Порече. Разни бесчинства биле присутни и во Прилепско, Крушевско, Мариово, Битолско, Леринско, Костурско.[1]

Разбојничките банди обично имале своја територијална оперативна зона. Тоа е особено видливо во Кичевско и Порече. Таму, со своите чети во 1894 година оперирале: Осман од с. Папрадишта (Кичевско), Зулко од с. Зајас (Кичевско), Сефер и брат му Велија од истото село и Бајрам од с. Бериково (Кичевско). Притоа, Сефер и Велија оперирале во Поречко, Бајрам во Кичевско и дел од Порече, а Зулко во Горна Копачка.[2] Во Охридско и Ресенско оперирал Карабаџакот,[3] а во Струшко

---

[1] Дописките во весникот Право — од разните краеви на Битолскиот вилает најдобро сведочат за тоа. Cf. в. Право, I/1, София, 12 ноемврий 1894, — I/48, 5 ноемврий 1895 г.

За тоа сведочат и српските конзулски извештаи од Битола во наведениот временски период. Cf. ПО ДСИП, м—444, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

[2] Бѣлѣжки изъ страданията на българитѣ въ Кичевско, в. Право, I/30,София сѫбота, 10 юний 1895, 3.

[3] Cf. Дописки, Z, Ресенъ 1894, 29 октомврий, в. Право, I/1, София, 12 ноемврий 1894, 4; Дописки, Охридъ, 25 мартъ 1895, в. Право I/21, София, вторникъ 11 априлъ 1895, 4; Прѣспански, Зулумите на Карабаджака, Ресенъ 18 май, в. Право, I/28, София, 30 май 1895, 4.

Тахир Толја[4]. Во Дебарско и Охридско „херојствувал" Билјал Баланца,[5] а во Реканско — Рамдук.[6] Во Прилепско со своите бесчинства се прочул Расим.[7] Во 1895 година во Кичевско „се прославил" Ислам-Онбаши.[8]

Клисуров (Ќосев), повикувајќи се на Николаидес, истакнува дека во Македонија во 1895 година дејствувале околу 150 разбојнички банди, кои извршиле околу 4000 убиства, тешки ранувања и пожари.[9] Се разбира дека најголем дел од нив паѓал во западна Македонија, конкретно на Битолскиот вилает.

Со своите разбојнички манири, покрај разбојничките чети, се истакнале разни турски деребен, качаци, мултезими бирници, дерудеџии, полјаци и сл. Сите тие сочинувале само дел од широкиот спектар на народните изедници, кои на чисто разбојнички начин ја цеделе потта и го голтале трудот на обесправените народни маси во Битолскиот вилает.

Потребно е да се истакне дека меѓу јатаците на разбојничките муслимански банди често се наоѓале и христијани. Така, на пример, познатиот злосторник Зулко имал главно свртралиштe во с. Јаворец (Г. Копачка) во куќата на некојси Штерјо, а главниот јатак му бил Ристе, брат на кичевскиот поп Гино.[10] Во Порече главен јатак на Османа му бил поречкиот поп Андреја.[11]

Разбојничката дејност била мошне разновидна. Таа се движела од обични обири на поединци, пазарџии, гурбетчии, зе-

---

[4] Клисуров, Очерки върху историята на македонското освободително движение, Социал-економическите предпоставки за създаването и дейноста на Македонската революционна организация, сп. Македонско дело 7/149, 10 декември 1931, 8.

[5] Билјал Баланца во летото на 1895 година предводел чета од 35 разбојници. Види: Извештај на Д. Боди пов. бр. 42/15 јули 1895 г. Битола, — упатен до Ст. Новаковиќ, Политичко оделење, ф. I, Дипломатски архив СИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

[6] Cf. Изъ дописките ни, Дебърь, 20 октомврий, в. Право, I/48, София неделя, 5 ноемврий 1895, 4.

[7] Cf. Вѫтрѣшенъ отдель, в. Право, I/11, София, петъкъ 20 януарий 1895, 2; Г. Трайчевъ, op. cit., 223.

[8] Cf. Положението въ Кичевско, в. Право, I/41, София, сѫбота, 26 августъ 1895, 3—4.

[9] Клисуров, Idem, 8 Cf. М. Пандевски, Положбата на Македонија во Османската империја кон крајот на XIX и почетокот на XX век, ГИНИ XX/1, Скопје, 1976, 100 .

Се чини, сепак, дека бројката е нешто хиперболизирана.

[10] Бѣлѣжки изъ страданията на българитѣ въ Кичевско, в. Право, I/30, София, сѫбота, 10 юний 1895, 3.

[11] Поречкиот поп Андреја бил „другар на Османа. Тој држи 16 села. Вода осветува в куќи кај себе дома и селаните доаѓаат да земат светена вода со стомни. Мртовците од сите села се носат во неговата куќа на опело. Свадбите, ако пристигне, ги посетува зошто има пиење. За литургиите и духовните потреби збор не може да стане. Меѓутоа, платата е двојна и тројна" (Разбойничеството въ Порече, в. Право I/43, София, 10 септемврий 1895, 3).

мање откуп за запленети лица, глобење на поединци, па до одведување на цели стада овци и говеда, масовни пљачкања, дерудецилак, бирничлак и глобење на цели села. Притоа, разбојничките акции обично биле пропратени со разни насилства од типот на силувања, малтретирања и убиства, па до палежи на цели села.

За тоа најдобро сведочат следниве примери. Во октомври 1894 година бандата на Карабацакот ги киднапирала двете деца на селанецот Дулјан од с. Дупени на возраст од 10 и 14 години. За нив побарала откуп од 500 т. лири. Притоа, се одиграла следнава трагедија: „Во нашата земја, класична по своето разбојништво, каде што убиваат за 50 гроша, може ли да стане збор за 500 лири и тоа кај еден речиси гладен селанец?! Најпосле продава дедо Дулјан мило за драго и собира 50 лири, зема и други 100 од услужителните лихвари и паѓа на аман! Двајца од разбојниците му го донесуваат една вечер помалото момче, земаат 50 лири, а останатите 100 дедото ги праќа на останатата дружина, но уви! наместо да го добие откупениот живот на поголемото момче, ја добива неговата глава...“[12]

Ваквиот вид разбојничка дејност, којшто припаѓал во потешките видови разбојнички бесчинства, најчесто завршувал со трауми на фатените и нивните блиски,[13] а доколку откупот не стигнел навреме или бил недоволен најчесто било режирано крваво финале како што е случајот во горепосочениот пример.

Истата 1894 година Осман го запленил синот на Петре Белја од с. Орланци, Кичевско и побарал откуп. Стариот Петре одбил да плати и ополномоштен од 18—20 кичевски села поднел арзовали до кичевскиот кајмакам Али Риза-бег, до битолскиот валија Мехмед Фаик-паша и до султанот во коишто барал „или ограничување на злосторствата или дозвола за 18—20 села да се иселат во странство“. Ваквата храбра постапка прилично ја изненадила власта и таа побрзала да ја пресече во коренот. Петре Белја бил повикан во Битола и таму задржан 2 месеци. Потем бил следен од битолската турска тајна полиција. Во меѓувреме, валијата, преку кичевскиот кајмакам, насила собрал од селаните на соодветните села контра-изјави и го обвинил П. Белја за бунтовништво. Притоа на Белја му се заканиле со 15 годишен затвор и со убиство, доколку не се откаже од својата легална намера. Старецот се исплашил, па му пратил на Осма-

[12] Дописки. Z, Ресен 1894, 29 октомврий, в. Право, I/1 София, 12 ноемврий 1894, 4.

[13] Кон крајот на 1891 година бил киднапиран во самиот град Дебар учителот Никола Пасхов од познатиот албански деребеј Сали-бег. За перипетиите на Пасхова види: Автобиографически бълѣжки изъ живота на Н. Пасховъ, Ил. Илинденъ, VI/1—2 (51—52), 20—24; VI/9 (59), София, 1934, 12—13.

Меѓу бројните такви случаи секако кулминира оној кога Билјал Баланца во летото на 1895 г. запленил 17 селани од Галичник и Лазарополе. Види: Изъ допискитѣ ни̂, Куриеръ, Битоля 10 юлий 1895, в. Право, I/40, 1895, 3.

на 150 лири откуп за сина си.[14] Кога го пуштал, Осман му дал на Белевиот син писмо за кичевскиот кајмакам. Тоа само по себе говори за колаборацијата на локалните власти со разбојничките банди. „Оттогаш па до смртта на Белјета куќата му стана гостилница на Османа, Бајрама и Велија; неговите плеќи и плеќите на трите негови синови беа набивани како тапани".[15] Сепак, акцијата на Петар Белја укажува дека разбојничката дејност во Кичевско надминала секаква мера штом населението од 20-тина кичевски села било подготвено да го напушти засекогаш родниот кат.

Пљачкањето на цели стада овци и говеда постанало рутинска работа со која се крунисувала разбојничката активност. Ќе наведеме само еден пример. Во мај 1895 година на Карамфил Божинов од с. Поповец, Кичевско, му било откраднато од разбојничка банда целото стадо од 380 овци и кози. Кога Божинов ѝ сигнализирал за тоа на локалната турска власт во Кичево, му било одговорено: „Нека си жив, кеаја, други ќе си спечалиш!"[16] Ваквиот став на османската власт укажува колку населението во овие краишта било оставено на милост и немилост на разбојничките банди. Овој вид разбојничка дејност особено бил карактеристичен за Реканско.[17] Што се однесува до Кичевско-поречкиот крај „примери за заграбување мислиме се излишни, зошто нема село во Копачка, горно Кичевско и Порече, на кое од 10 години наваму да не е забирано имањето (стоката, м. б.) најмалку по двапати, поради што сточарството во тој богат со пасишта крај конечно е сосипано".[18]

Секако, на селата најтешко им паѓал разбојничкиот данок (сурса). Ќе наведеме неколку примери.

Во август 1894 година Сефер го обложил с. Инче (Поречко) со 30 т. лири, а потоа побарал уште 60 и притоа убил човек. Тогаш им се заканил на селаните дека доколку не му ги дадат споменатите 60 лири, ќе мораат да си одат од селото „оти сум јас, вели, овде цар!" Сите жители од селото, вкупно 109 души, отишле во Прилеп да се жалат кај кајмакамот, а потоа и во Битола кај валијата.[19]

---

[14] Покрај тие 150 т. лири, син му на П. Белја морал да му доплати уште 25 лири на Османа и тоа сред кичевската чаршија. Види: Бѣлѣжки изъ страданията на българитѣ въ Кичевско, в. Право, I/31, 20 юний 1895, 4.

[15] Бѣлѣжки..., в. Право, I/31, 4.

[16] Писма и дописки, Кичево, 15 май, в. Право, I/29, София, вторникъ 6 юний 1895, 4.

За пљачкање на стада во Охридско види: Изъ допискитѣ ни, Охридъ, 20 октомврий, в. Право, I/48, София, 5 ноемврий 1895, 4.

[17] Cf. Из дописките ни. Галичникъ (Дебърско), 29 августъ 1895, в. Право, I/44, София, неделя 17 септемврий 1895, 2—3.

[18] Бѣлѣжки изъ страданията на българить въ Кичевско, в. Право, I/31, София, 20 юний 1895, 4.

[19] Извештај на Боди пов. бр. 17/29 август 1894 упатен до С. Лозаниќ, Политичко оделење, ф. III, ДСИП, м—444, Архив на Македонија, Скопје.

Тие денови во Битола пристигнале и 45 мажи и 5 жени од селата Латово (Кичевско) и Манастирец (Поречко) за да се жалат на Сефера кај валијата. На латовчани Сефер им барал 150 лири и кога тие го предупредиле дека ќе се жалат тој им рекол: „Жалете се кому сакате, и јас треба да дадам на друг 300 лири", со што отворено алудирал на турската власт. Валијата, како и обично, ги испратил селаните „со препорака тамошната власт да ги заштити" што фактички се сведувало само на изречените зборови.[20]

Во февруари 1895 година Расим го обложил селото Дреновци (Прилепско) со 300 турски лири. Притоа, барал веднаш да му се исплатат 210 т. лири, а остатокот подоцна.[21]

Селото Звечан најдобро го искусило Сеферовиот гнев. Летото во 1894 година Сефер собрал од секоја кука во селото данок — по 1000 гроша за себе и 1050 за брата му Велија. Тоа бил трет Сеферов данок земен од тоа село во последните три години. Меѓутоа, Сефер во есента истата 1894 година преку својот јатак К. Божинов побарал четврт данок. Откако не добиле милост, селаните побарале рок, но и тоа не им било дадено. „Судбината потоа им била решена и позната. Цели две недели по ред Звечанци дење работеле во селото, а ноќно време, заедно со децата, спиеле по дрвјата, како диви животни! Една вечер Сефер дошол во селото и како никого не нашол, го запалил".[22] Огнената стихија проголтала 22 куќи и повеќе плевни од с. Звечан.[23] Притоа, сосем опустеле 11 селани од Звечан и тоа: Петре Јованов, Змејко Садев, Филип Стојчев, Јосиф Божин, Карафиле Здравков, Трпе Богатинов, Иван Христов, Корун Трпев, Ангелко Тодоров, Јаков Ванев и Исаија Столев. Тие биле принудени зимата да ја поминат во колиби и да преживеат со просење.[24]

Неможејќи да ги трпат ваквите злодела, „сите повидни, поимотни и пособудени Поречани се иселија во Прилеп, Кичево, Скопје и во туѓина".[25]

Дерудецилакот фатил длабоки корени во Кичевско и Реканско. Некои села од Копачка и Горно Кичевско го прифатиле дерудецилакот уште во 1891 година. Во 1895 година речиси си-

---

[20] Ibidem.

[21] Дописки. Прилепъ 16 мартъ, в. Право, I/20, София, 1895, 4. Месец дена порано, Расим извлекол од селото 120 т. л. Види: Вѫтрѣшенъ, отдѣлъ, в. Право, I/11, София, 20 януарий 1895, 2—3.

[22] Разбойничеството въ Порече, в. Право, I/43, София, неделя, 10 септемврий 1895, 3.

[23] Извештај на Д. Боди п. бр. 24/9 октомври 1894, Битола, ПО, ф. III, ДСИП, Архив на Македонија, Скопје, м—444.

Според споменатиот напис во в. Право (Разбойничеството въ Порече.., I/43, 3) изгореле 43 куќи и плевни.

[24] Во написот во в. Право (Разбойничеството въ Порече.., I/43, 3) се споменуваат 12 запустени куќи, а се наведуваат само споменатите 11 селани.

[25] Разбойничеството въ Порече... I/43,3.

те села во Копачијата, со исключок на селата Брждани и Подвис, имале свои дерудеции. На име дерудецилак селата плаќале 20—35 т. лири, а с. Галичник, Реканско дури 60 т. лири.[26]

Меѓу дерудециите се вброил и бившиот кичевски разбојник Цемо. Тој станал дерудеција на селата Кнежино, Раштани и Осој (Кичевско). За таа улога добивал по 10 т. лири од секое село.[27]

Покрај тоа, Цемо станал познат мултезим. Тој, заедно со своите браќа Ибиш и Зекирија, го закупувал десетокот на 20—25 села во Кичевско.

Десетокот што според инструкциите на Цемо го собрал брат му Ибиш од првенците на с. Подвис изнесувал 1 : 2,5 и 1 : 3,[28] а кај останатите селани веројатно изнесувал 1 : 2. Тоа укажува дека станува збор за вистинска пљачка на селскиот труд.

Во 1894 година братот на Цемо Зекирија им распределил на селаните од с. Осој десеток во износ од 1 : 5 (20%). Ваквата релативно ниска стопа го разлутила Цема кој „ги обвинил селаните дека сакаат да му ја запустат куќата, натепал сред село четворица првенци и потоа сам по своја волја го распределил спахилакот (десетокот, м. б.) на секоја куќа во пари".[29] Цемо го земал десетокот во пари, а не во натура. На него биле слични бројните мултезими коишто на ист или сличен начин го шмукале крвавиот труд на македонскиот селанец.

Во 1895 година ресенскиот ага Усеин Челов, кој ја закупил миријата за риболовот на Преспанското Езеро, „во 2—3 месеца ја извади миријата за двете години".[30] Ваквата енормна печалба укажува на вистински грабеж на бедните селани — рибари. Се разбира дека за извлекувањето на вакви печалби биле применувани разни видови насилства.

Некои бирници вршеле и други видови злоупотреби. Така „Ибиш, братот на Цемо, е сѐ во шесте села на Поречко. Кај него како кај таксилдар стојат селските печати. Мома и момче не можат да се оженат без негова претходна дозвола и бакшиш".[31]

Македонските селани мошне многу страдале од муслиманските полјаци кои се богателе на нивна сметка, вршејќи притоа разни бесчинства.

Затоа, кога корумпираниот прилепски кајмакам, поткупен со 50 т. лири од прилепските разбојници Неџип и Решад, им

---

26 Бѣлежки изъ страданията на българитѣ въ Кичевско, в. Право I/31, София, 20 юний 1895, 4.

27 Бѣлѣжки изъ страданията.., I/30, 10. VI. 1895, 3.

28 Ibidem.

29 Ibidem .

За печалбата на ресенскиот мултезим Али-ага види: Писма отъ Македония. Ресенъ, в. Право, I/23, София, 25 августъ 1895, 4.

30 Преспански, Ресенъ 28 май, в. Право, I/30, 10. VI. 1895, 4.

31 Бѣлѣжки изъ страданията..., в. Право, I/31. 20 юний 1895, 4

заповедал на варошани да ги земат за пољаци споменатите лица зошто „во спротивен случај силно ќе им патат главите", варошани, кои последните 6—7 години успеале да задржат христијани пољаци, не сакале да чујат за такви злосторници во својата средина па затоа во јануари 1895 година поднесле молба до прилепскиот идаре меџилс, а потоа се жалеле и кај битолскиот валија. Меѓутоа, валијата им наредил „да си молчат и да ги слушаат заповедите на кајмакамот". Но селаните од с. Варош (покрај Прилеп) не се поколебале и биле решени докрај да се борат.[32]

Во с. Крушје, Ресенско, неколку години пољакувал Турчин, „кој ја исполнувал ролјата на цар. Освен што располагал безгранично со имотот на селаните, уште обечестил и неколку моми, а освен тоа носел од селските моми и на охридскиот кајмакам". Селаните собрале храброст и успеале да го изгонат, поставувајќи на негово место пољак — христијанин, Никола. Меѓутоа, на 23 септември ст. стил 1895 година, Никола бил убиен од стариот пољак, Турчин, кој се вратил да се освети со неколкумина муслимани. Власта, наместо да го затвори злосторникот, затворила 20-тина селани од Цапари во ресенскиот затвор под изговор дека тие се сомнителни за убиството на Никола.[33]

Споменативе два примера евидентно говорат за омразата на македонските селани кон муслиманите — пољаци поради нивната ограбувачка и злосторничка поставеност.

Животот, имотот и честа не биле многу посигурни ниту во градовите. Малтретирања, бесчестења, па и убиства на христијанските поданици биле честа појава.

Така, на Божик, 6 јануари 1895 година сред Дебар биле убиени браќата Петре и Доне Бојаџиеви од синот на Нурче Пустина — Али Пустина.[34] Во знак на протест што убиецот слободно шетал низ градот, дебарската чаршија била затворена. Притоа треба да се истакне дека со христијанските трговци и занаетчии се солидаризирале нивните муслимански колеги.[35]

---

32 Вѫтрѣшенъ отдѣлъ, в. Право, София, петъкъ 20 януарий 1895, 2.

33 Хроника. В. Право, I/47, София, недѣля 22 октомврий 1895, 2—3.

34 25 декември ст. стил 1894 г.

Вънкашенъ отдѣлъ, в. Право, I/10, София петъкъ 13 ий януарий 1895, 4.

35 Вѫтрѣшенъ отдѣлъ, в. Право, I/11, София, 20. I. 1895, 3

Неполни пет месеци подоцна, на 4 јуни (вторник) 1895 година била затворена прилепската чаршија во знак на протест против спроведувањето во Битола на затворениците во врска со Дреновската афера. Cf. ф. 261—262/V.

Меѓутоа, според М. Пандевски, колективно затворање на чаршијата, како една од формите на невооружениот политички отпор во Македонија, првпат се забележува во Велес (денес Титов Велес) есента 1899 година". (М. Пандевски, За некои форми на политичкиот отпор во предилинденскиот период (1893—1903), ГИНИ, III/1, 1959, 152).

Во јануари 1895 година во Битола бил убиен синот на Сотир Шеќерџијата во дуќанот од пијани Турци, а Санта акушерката била убиена во Мечкар Маало од непознати Турци, кои и нанесле 16 удари со кама.[36]

Во истиот месец јануари 1895 година сред Лерин било убиено 17 годишно христијанско богаташко момче од Турчин со неколку удари од кама.[37]

Споменативе три настани што се случиле во текот на само еден месец покажуваат колку евтин станал човечкиот христијански живот и во градовите на Битолскиот вилает.

Од друга страна, моралната декаденција на бирократскиот апарат му носела нови неволји на населението во вилаетот. Корупцијата и развратот постанале обична појава. Фамозниот рушвет навлегол во сите пори на османската власт во вилаетот. Колаборацијата на власта со разбојничките банди постанала јавна тајна. Во тој поглед посебно се истакнала кичевската локална власт.[38] Што се однесува до развратот ќе го наведеме само примерот на кичевскиот кајмакам Али Риза-бег кој јавно блудничел со учителката Билјана Трифуновска, поради што кичевчани барале од Егзархијата да им праќа исклучиво грди учителки.[39]

Ваквата проанархична положба во вилаетот била главната причина за одржување Конзуларна конференција на странските дипломатски преставници акредитирани во Битола.

Конзуларната конференција била одржана во ноември 1894 година. Како повод за свикување на Конференцијата послужила жалбата на Ристо Тасев од с. Лавци, Битолско, поради убиството на неговиот брат од страна на Абдул Шабедин-ага од с. Кравари.[40] На Конференцијата австро-унгарскиот конзул побарал да му се поднесе колективна нота на валијата во чија содржина би било вклучено барањето за преземање енергич-

---

36 В ѫ рѣшенъ отдѣлъ, в. Право, I/13, София, сабота, 4 февруарий 1895, 2.

37 Писма отъ Турция. Битоля, 18. I., в. Право, I/13, 4.

38 Кичевскиот кајмакам „Али-бег е четириесетгодишен човек со среден раст и прилична физиономија... Среброљубието и развратот се неговите најкарактеристични црти. За постигањето на своите цели тој се служи со еластичните турски закони, а каде со нив не може да се послужи, разбојниците му се на располагање. Како лично доверено лице на Фаик-паша, тој беше кајмакам во Кичево 7 години по ред. Порано тој бил во Кичево 4 години по ред (кајмакам, м. б.) — вкупно 11 години. Од разбојниците тој ја зема половината од обирите. Тоа не еднаш го исповедале самите разбојници. Од Сефера ја зел крупната сума од 200 т. лири. Разбојниците ги советувал да пљачкаат, тепаат, но не да убиваат“. (Белѣшки изъ страданията на българитѣ въ Кичевско, в. Право, I/30, София сѫбота, 10 юний 1895, 3).

39 Cf. Бѣлѣжки изъ страданията... в. Право I/32, София, 24 юний 1895; I/33, сѫбота 1 юний 1895, 4.

40 Извештај на Д. Боди пов бр. 30/11 ноември 1894. Битола — упатен до М. Богичевиќ, ПО, ф. III, ДСИП, м—444, Архив на Македонија, Скопје.

ни мерки за ликвидирање на хаотичната состојба во Битолскиот вилает. Ваквиот став бил оценет како премногу остар и затоа не бил земен во предвид. На Конференцијата било одлучено една конзулска делегација да го посети валијата и на пријателски начин да го предупреди за неопходното преземање посериозни мерки за средување на положбата во вилаетот. Конзулската делегација составена од австро-унгарскиот конзул, францускиот конзул и жерантот на руското конзулат на 10 ноември (ст. стил) 1894 година го посетила валијата Фаик-паша и притоа му го пренесла заклучокот на Конференцијата. Валијата, откако се заблагодарил на добрите намери, се бранел, истакнувајќи дека под неговата управа вилаетот бил најмирен, дека пред неговото доаѓање било полошо дека убиства имало и во најцивилизираните земји и сл.[41] Ваквото грубо негирање на стварноста ги убедила конзулите во непоправливоста на Фаик-паша. Затоа тие, во една друга прилика, нема да му се обратат на валијата, туку директно ќе се свртат кон Портата во Цариград.[42]

Секако дека ваквата игноранска постапка на битолските конзули го забрзала падот на Мехмед Фаик-паша.

Разбојничката дејност во Кичевско достигнала такви размери што дури некои кичевски муслимани остро реагирале против корумпираниот кичевски кајмакам, барајќи од Портата да преземе итни чекори против кајмакамот и неговиот заштитник — битолскиот валија.[43] Најпосле и самиот кичевски командант на редифите, по чин бинбаша, пратил доверлив извештај до воениот министер во Цариград во којшто ја изнесол бесцелноста на своите потери против разбојниците при дволичната игра на административната власт, која фактички ги прикривала и штитела разбојничките елементи.[44]

Поради тоа, во есента 1894 година Портата испратила во тајна мисија еден воен комесар на лице место да ја испита конкретната ситуација.[45] Откако го прокрстарил Порече и Кичевско, тој се вратил во Цариград. Во својот извештај истакнал дека народот таму навистина страдал, дека кичевскиот кајмакам ги протежирал разбојниците, а посебно Сефера и сл. Веднаш потоа Портата, по службен пат, побарала од битолскиот валија да испита дали е тоа вистина. Валијата го испратил

[41] Ibidem.

[42] Валијата Фаик-паша „го наостри населението на околните турски села за да направи колеж во Крушево и благодарение само на двете блиски села Алданци и Кочишта, кои не само што не го послушаа неговиот варварски кроеж, но ги известија крушевчани што крои валијата — не стана колежот. Крушевчани ги предупредија за тоа тајно конзулите во Битола, а тие владата во Цариград". (Дописка. Крушево, в. Право, I/25, София, вторникъ 9 май 1895, 4).

Нешто подоцна, истиот валија се обидел да ги присвои и исече општинските крушевски кории под претекст дека можат да послужат за бунт. Притоа населението се заканило дека во таков случај ќе го напушти Крушево. Види: Дописка, Крушево. . .,I/25, 4.

мектубџијата на вилаетскиот идаре меџлис во Кичевско со инструкции да донесе контра-докази. Веднаш потоа, валијата пратил во Цариград службен демант на веста за колаборацијата на кичевскиот кајмакам со тамошните разбојнички банди.[46] Меѓутоа, валијата со тоа постигнал во Цариград спротивен ефект.

Лошата состојба во Битолскиот вилает ни најмалку не ѝ конвенирала на Портата во моментот кога била соочена со ерменските настани. Пробудениот европски интерес можел многу лесно да се сврти кон несносната положба на македонскиот народ и со тоа да се создадат нови проблеми за Портата. Впрочем, кон тоа биле насочени зачестените митинзи во соседна Бугарија. Затоа Портата, во јануари 1895 година, испратила во Битолскиот вилает анкетна комисија „со цел да извиди извесни злоупотреби на некои виши воени чиновници и да ја испита состојбата во овој вилает воопшто".[47] Комисијата била составена од шестмина високи османски достоинственици. Тоа биле: дивизискиот генерал Хасан Един-паша, бригадниот морнарички генерал Ахмед Хилми-паша, Садик-бег, член на Државниот совет, Џемал-бег, шеф на Бирото на Централната отоманска администрација, Шефкет-бег, директор во Министерството на правдата и Бехрам-паша — во ранг на мутесариф.[48]

Комисијата извршила ревизија на вилаетската административна дејност, примала жалби на поединци, извршила ревизија во Лерин и Прилеп и кога имала намера да замине од Прилеп за Кичево, телеграфски била отповикана во Цариград. Така, на 23 февруари (7 март н. стил) 1895 година таа отпатувала од Битола за Цариград по шестнеделен престој во Битолс-

---

43 Бѣлѣжки изъ страданията..., в. Право, I/33, София, сѫбота, 1 юлий 1895, 4.

44 Бинбашата се жалел дека Сефер убил 6 војника.

(Извештај на Д. Боди пов. бр. 24/9 октомври 1894 г. Битола. — упатен до С. Лозаниќ, ПО, ф. III, ДСИП, м—444, Архив на Македонија, Скопје).

45 Ibidem.

Меѓутоа, според в. Право (Бѣлѣжки изъ страданията.. I/33, 4) инспекција извршиле три воени личности.

46 Бѣлѣжки изъ страданията..., в. Право, I/33, 4.

Извештај на Д. Боди пов бр. 24/9 окт. 1894..., м—444.

47 Извештај на Д. Боди пов. бр. 34/25 декември 1894, ПО, ф. III, ДСИП, м—444, Архив на Македонија, Скопје.

48 A Son Excellence Monsieur Hanotaux, Ministre du Affaire etrangère à Paris, — Le Consulat de France à Monastir, le 17 février 1895, m—92, 329, Архив на Македонија, Скопје.

49 Извештај на Д. Боди пов. бр. 13/24 февруари 1895 г., ПО ф. I, ДСИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

киот вилает.[49] Резултатите од нејзината истрага се чувале во тајност.[50]

Во почетокот на 1895 година власта во вилаетот насила или со измама го потврдувала со печатите на мухтарите текстот на телеграмата до султанот во Цариград во којашто се изнесувала идилична слика на Битолскиот вилает.[51] Секако, со тоа се целело да се парира на бројните петиции и митинзи во Бугарија и да се парадира пред Европа со „докази" за мирната атмосфера и благосостојба на населението во Битолскиот вилает.

Во интервалот меѓу заминувањето на првиот цариградски воен комесар и доаѓањето на споменатата анкетна комисија валијата Фаик-паша, за да ги зацврсти своите разнишани позиции, стапил во преговори со водачите на разбојничките банди за нивно формално предавање на власта. Така, валијата, преку својот близок пријател Раиф-ефенди, преговарал и со Сефера.[52] Резултатите од преговорите не изостанале. Уште во декември 1894 година, меѓу другите разбојници, се предале на власта познатите злосторници Осман од Папрадишта и Сеферовиот брат Велија[53], а во почетокот на јануари 1895 година се предал и самиот Сефер.[54] Поради тоа, званичниот вилаетски лист „Монастир" ликувал, истакнувајќи дека „во овој вилает нема повеќе разбојници!"[55]

---

50 Ibidem.

М. Пандевски посебно ги истакнува протестите на битолските еснафи кај анкетната комисија. Види: М. Пандевски, За некои форми на политичкиот отпор во предилинденскиот период (1893—1903), ГИНИ, III/1, Скопје, 1959 150.

51 За разните махинации во врска со тоа поопширно види: Прилепъ, 7. I., в. Право, I/11, София 20 януарий 1895, 4; Писма отъ Турция. Битоля 18. I, в. Право, I/13, София, събота, 4 февруарий 1895, 4; Дописка. Крушово, в. Право, I/25, София, 9 май 1895, 4.

Според в. Право, во телеграмата, меѓу другото, се истакнувало дека населението живее „еден таков цветачки живот каков што Швајцарецот не сонувал..., дека меѓу христијаните и Турците царувал и царува мир, љубов, братство и еднаквост, дека митинзите кои станувале насекаде (во Бугарија, м.б) против ѕверствата вршени во Турција биле правени од ниски луѓе, багабонти, со цел да се компромитира Турција во очите на Европа". (Писма отъ Турция. Битоля 18. I., в. Право, I/13, 4. II. 1895, 4).

52 Извештај на Д. Боди пов. бр. 24/9 окт. 1894 г., ПО, ф. III, ДСИП, м—444, Архив на Македонија, Скопје

Бѣлѣжки изъ страданията..., в. Право, I/33, 1. VI. 1895, 4.

53 Откако власта „зела од нив јака гаранција дека нема повеќе да се одметнуваат, ги пуштила на слобода во нивните куќи". (Извештај на Д. Боди пов. 34/25 декември 1894 г. ПО, ф. III, ДСИП, м—444, Архив на Македонија, Скопје)

54 Извештај на Д. Боди пов. бр. 1/7 јануари 1895 г. Битола, ПО, ф. I, ДСИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

Според тоа, не е точно тврдењето на Н. Киров-Мајски дека во 1894 година Никола Геројски од с. Крушје, Кичевско го убил Сефера. Види: Н. Киров Маиски, Светлосенки, III (Никола Геројски), 58. ФОНД: Н. К. Мајски, II, Архив на Македонија, Скопје.

55 Извештај на Д. Боди пов. бр. 1/7 јануари 1895.., м—445.

Меѓутоа, Фаик-паша не успеал со тоа никого да залаже. Неговото сменување од должноста битолски валија било веќе свршен факт. Портата не сакала и не смеела повеќе да ризикува со таква корумпирана личност во толку чувствителна област и во таков чувствителен период.

Новиот валија Абдул Керим-паша[56] пристигнал во Битола на 8 април (ст. стил) 1895 година.[57] Следниот ден, на 9/21 април (н. стил) тој, откако пред насобраниот народ околу уќуматскиот конак бил прочитан ферманот за неговото назначување, одржал невообичаена за тогашните турски прилики пристапна беседа. „Чиновништвото и беговите, рекол тој, треба да живеат во хармонија и љубов со народот, а не да сочинуваат касти и да се во непријателство. Тој, пак, со будно око ќе бдее правдата и законите да се извршуваат. Тој сака сѐ да знае што се работи во неговиот валилак за да може да ја контролира работата на своите потчинети дали и колку тие им служат на неговите интенции и на интересите на Царството, тој дозволува секму да дојде да му се пожали. 'Нека секој, кој за тоа има потреба, дојде кај мене во секое време на денот, како и на полноќ, моите врати секому му се отворени, селанецот нека не ги собуе дури ни своите опинци од нозете кога ќе излезе пред мене, јас ќе го сослушам и ќе му дадам правда и задоволување'."[58] Ваквиот демагошки говор секако бил насочен кон постигање на надворешни ефекти, пред сѐ, кај дипломатскиот конзулски кор. Колку многу се полагало на личноста на новиот битолски валија, се гледа и од фактот што султанот тие априлски денови го одликувал Абдул Керима-паша со златен и сребрен медал „Имтијаз".[59]

Во 1895 година, покрај валијата Фаик-паша, бил сменет и командантот на III армиски корпус, дивизискиот генерал Хајри-паша. На негово место бил назначен Шукри-паша, дотогашен командант на редифите во Косовскиот вилает.[60]

Во пораката публикувана во вилаетскиот официоз „Монастир" бр. 520/19 април (ст. стил) 1895 година, а наменета за потчинетите органи на власта во вилаетот, прозвучил енергичниот тон на Абдул Керим-паша со цел да се докрајчи нестабилната положба во вилаетот. Во неа, меѓу другото, валијата

---

[56] „Новиот валија Абдул Керим-паша војнички е паша (ферик-дивизиски генерал), човек со симпатична надворешност, околу 60-годишен. Пред извесно време бил валија во Скадар, а во последно време, бидејќи бил на располагање, ја вршел должноста на церемониер на султановиот 'селамлик' во Цариград". (Извештај на Д. Боди пов. бр. 22/12 април 1895. Битола, ПО, ф. I, ДСИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје).

Cf. Битолския валия Абдулъ Керимъ паша, в. Право, I/42, София, неделя, 3 септемврий 1895, 1—2; I/43, 10. IX. 1895, 2.

[57] Извештај на Д. Боди пов. бр. 22/12. IV. 1895. . ., м—445.

[58] Ibidem.

[59] Цариградски гласник, I/13, Цариград ,четвртак 13 априла 1895, 3.

[60] Војени команданти, в. Цариградски гласник, I/46, четвртак, 30 новембра 1895, 4 .

истакнал: „Наредбата која ја добив од Султанот се состои во тоа да го зацврстам редот и мирот во вилаетот и да не дозволам појави спротивни на највисоката негова волја... Бидејќи климата е погодна за разбојници и злочинци, треба да се дејствува со истрајност и за да би се одржал редот, треба да се заборави и на сон и на одмор..." На крајот, валијата истакнал дека совесните службеници ќе ги награди а „оние чиновници кои и најмалку ќе се покажат немарни веднаш ќе ги сменам од должноста".[61]

Ваквата мобилност на Абдул Керим-паша не му била толку потребна за спречување на разбојниците, колку поради евентуален прилив на чети од Бугарија и внатрешни немири. Впрочем, симптоми за тоа постоеле. Дреновската афера го насочила речиси сето негово внимание во тој правец.

Уште во времето на Фаика во јануари 1895 година, по наредба од Цариград, биле ангажирани ноќни стражари, кои покрај жандармеријата, имале должност да бдеат над сигурноста на населението по градовите во вилаетот. Така, во Битола биле поставени 80 ноќни стражари. Тие биле ангажирани исклучиво од редовите на муслиманскиот елемент. Нивната плата била симболична: изнесувала само 80 гроша месечно.[62] Со тоа, меѓу другото, се целело да ѝ се покаже на Европа големата грижа на Отоманската империја за безбедноста на своите градски поданици.

Првата грижа на Абдул Керим-паша била да го собере оружјето од христијаните. Разоружителната акција ја започнале бројни турски потери по битолските, прилепските и кичевските села, барајќи „пушки мартинки".[63] Воедно им било забрането на пушкарите да им поправаат какво и да е оружје на христијаните, а на фишекчиите да не смеат да полнат или да им продаваат патрони.[64] Оваа мерка имала превентивен карактер. Таа била насочена кон парализирање на подлогата за евентуално движење инспирирано од Македонскиот комитет во Бугарија.[65]

Резултатите од разоружителната акција биле мошне бедни. „Така, во Крушево се најдени неколку пушки закопани на гробиштата, а освен тоа и во прилепските села власта веќе собрала една количина пушки".[66]

Бројните потери што се распрснале првенствено во североисточните делови на вилаетот немале за цел да гонат разбојници. Нивните намери биле свртени кон оневозможувањето

---

[61] Извештај на Д. Боди пов. бр. 24/20 април 1895. Битола, ПО, ф. I, ДСИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

[62] Извештај на Д. Боди пов. бр. 5/12 јануари 1895, ПО, ф. I, ДСИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

[63] Извештај на Д. Боди пов. бр. 25/22 април 1895, ПО, ф. I, ДСИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

[64] Ibidem.

[65] Ibidem.

на какво и да е комитско движење во вилаетот.[67] Масовните политички апсења во врска со Дреновската афера покажуваат фактички од каде резултирало неспокојството на официјалната османлиска власт во вилаетот.[68]

Големите зборови изречени во пристапната беседа на Абдул Керим-паша се свеле, главно, на сменувањето на неколкумина компромитирани чиновници по извршената Керимова инспекција на локалните власти во Лерин, Ресен, Охрид, Прилеп, Крушево и Кичево.[69] Валијата имал намера да ја заокружи својата турнеја низ вилаетот со посета на Кајлари, Кожани, Серфице, Костур и Корча.[70]

За да го ублажи возбудувањето поради масовните апсења во врска со Дреновската афера, валијата Абдул Керим-паша распишал потерница по злосторникот Расим, чие име било неразделно сврзано со споменатата афера. Расимовата глава била проценета на 150 т. лири.[71] Тоа го принудило Расима да поведе преговори, преку својата мајка, за лично предавање на власта.[72] На 21 мај (ст. стил) Расим се предал на прилепските власти, а потоа бил префрлен во Битола.[73] На 8 јуни (ст. стил) 1895 година се предал на власта познатиот разбојник Карабаџакот, по кого исто така била издадена потерница.[74] За двајцата злосторници јавно биле истакнати плакати, за Карабаџакот во Охрид, Ресен и Битола, а за Расима во Битола и Прилеп, во кои се повикувало населението доколку има жалби против нив, да ги поднесе на власта. Јасно е дека од тие жалби зависело дали на разбојниците ќе им се суди или ќе бидат пуштени на сло, бода.[75]

Ваквата лицемерна постапка на валијата кога за докажаните злосторници барал докази од заплашеното население, а

---

66 Ibidem.

67 Така на пример, во септември 1895 година во Прилепско три потери ги обиколувале селата. Тие моментно се наоѓале во селата Мажучишта, Никодин и Ракле. Освен тоа, една потера го обликувала Демирхисарско, друга Мариово и сл. Види: Положението въ Кичевско, в. Право, I/42, София, 3. IX. 1895, 3; Битолския валия Абдулъ Керимъ паша, в. Право, I/43, София, 10 IX. 1895, 2.

68 Cf. Извештај на Д. Боди пов. бр. 31/5 јуни 1895. Битола, ПО ф. I, ДСИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

69 Cf. Извештај на Д. Боди пов. бр. 42/15 јули 1895 г., ПО, ф. I, ДСИП м—445, Архив на Македонија, Скопје; Прѣспански, Зулумитѣ на Карабаджака, Ресенъ 18 май, в. Право, I/28, София, вторникъ 30 май 1895, 4.

70 Извештај на Д. Боди пов. бр. 42/15 јули..., м—445.

71 Покрај тоа, била ветена награда од 200 т. лири за оној што ќе успее да го фати Расима и жив да го предаде на власта. Види: Извештај на Д. Боди пов. бр. 31/5 јуни 1895, ПО, ф. I, ДСИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

72 Извештај на Д. Боди пов. бр. 31/5 јуни..., м—445.

73 Расимъ самоволно се прѣдалъ, в. Право, София, I/29, вторникъ 6 юний 1895, 1.

74 Извештај на Д. Боди пов. бр. 32/10 јуни 1895, ПО, ф. I, ДСИП, м—445, Архив на Македонија, Скопје.

од друга страна судел невини луѓе, ја докажува не само неговата дволичност, демагогија и пристрасност, но и неговиот политички интерес кон постоењето на разбојништвото.

Навистина, валијата формално се изразил против разбојништвото, но фактички не презел никакви посериозни чекори за неговото ликвидирање.

Ваквиот лабав, толерантен став на Абдул Керим-паша, што уследил по неговата енергична најава при стапувањето на валијалскиот пост, довел до нов полет на разбојничката дејност во вилаетот.[76]

Така, на 26 јули (ст. стил) 1895 година Билјал Баланца на крстопатот за Крушево и Кичево запленил 17 селани од Галичник и Лазарополе и ги одвел во Албанија.[77]

Во Кичевско и Порече, покрај Зулко, во летото на 1895 година се прославил со своите разбојнички акции Ислам-онбаши од с. Кочишта, Кичевско, бивш суварија.[78] Во јули 1895 година Ислам во својата разбојничка банда ги опљачкал селата: Крапа и поречка Белица.[79] На 19 јули (ст. стил) влегол во с. Кнежиню и зел 14 т. лири за одмазда на својот конкурент Џемо, кој бил дерудеџија на тоа село.[80]

На 7 август 1895 година Ислам и Зулко влегле напладне во с. Јудово, Кичевско и го запалиле. Притоа изгореле 23 куќи. Останале здрави само три прикрајни куќи.[81] Набргу потоа, истите разбојници го потпалиле и селото Брждани, Кичевско. Притоа изгореле 9 куќи.[82] Откако со малтретирања, убиства и палежи всеале паника во Кичевско, двајцата разбојници преспокојно расфрлиле данок, кој, според големината и богатството на селата, се движел од 10—50 турски лири. Така, за ки-

---

75 Cf. Извештај на Д. Боди пов. бр. 31/5 јуни..., м—445.

Текстот на хектографираната плаката за Расима гласела: „Кој има тужба против Расима (потцртано) или да бара нешто од него, портите на власта се отворени и тужбата ќе се разгледа". (Х., Прилепски комити, в. Право ,I/31, София, 20 юний 1895, 4).

76 Cf. Битолския валия А. Керимъ паша, в. Право, I/42, 3. IX. 1895, 2.

Сепак, во интерес на вистината треба да го изнесеме податокот на Сканилја: кога некој „фанатичен софта си дозволил да проповеда против христијаните..., известениот валија со помош на полицијата му соопштил дека има на располагање цел битолски гарнизон и дека со сила ќе го запре секаквото нарушување на редот; и ништо не се случи". (Il R. Console in Monastir al Ministro degli affari esteri Monastir, 6 novembre 1895, № 129 (CVII), m—LIX/703, 10—11, Архив на Македонија, Скопје).

77 Изъ дописките нѝ. Куриеръ, Битоля, 10 юлий 1895, в. Право, I/40, София, сѫбота, 19 августъ 1895, 3.

78 Положението въ Кичевско, в .Право, I/41, София, сѫбота, 26 августъ 1895, 3—4.

79 Ibidem.

80 Ibidem.

81 Cf. Il R. Console in Monastir al Ministro degli affari esteri. Monastir, 12 agosto 1895. № 91 (CVII), m—LIX/703, 63. Архив на Македонија, Скопје.

Положението въ Кичевско, в. Право, I/41, 26. VIII. 1895, 4.

82 Положението въ Кичевско, в. Право, I/41..., 4; I/42. 3. IX. 1895, 3.

чевската Белица данокот изнесувал 50 т. лири[83] „Само селата Карбуница и Вранештица не се покоруваат на вториот султан (Ислам-ага) но селаните машки се бранеа од непријателот со своите мартинки.“[84]

Во Реканско деребејствувал познатиот злосторник Рамдук.[85]

Во август 1895 година неколку албански разбојнички банди од Корчанско навлегле во Костурско и Леринско, пљачкајќи и бесчестејќи. „Од многуте пљачки и силувања особено се одвратни силувањата на 6 невести и неколку моми во с. Брезница, Костурско и неколку во с. Арменор Леринско“.[86]

Колку станал безвреден животот на христијанинот во вилаетот, зборува и следниов случај: Во Крушево во април 1895 година „на страсната недела во понеделникот го убија старецот Мицко Леснина со куршум не толку за парите, зошто му ги зедоа сите 144 бели меџидии, ами за да си го обидат к'сметот тројцата нови качаци од с. Горно Житоше и за да им биде аирлија сефтето“.[87]

Но не бесчинствувале само разбојничките банди. Тоа бил чест случај и со самите турски потери. Ќе го посочиме следниов пример: „... Сега во Мариово има еден јузбашија испратен од Битола божем да ги чува селаните од комити, но всушност тој е поарамија од тие арамии, кои божем ги гони. Обиколува од село в село, тука завлече нешто, оттаму грабне друго, тука бесчести, таму псуе, вика и сл. сл..., а горките селани му го исполнувале барањето, зошто му ги помнеле зборовите: 'Штом некој ми противречи нема да жалам грош за куршумот зошто сум дебарлија!“[88]

Во вакква нестабилна ситуација се појавило и се развивало организираното македонско националноослободително движење во Битолскиот вилает.

---

83 Положението въ Кичевско, в. Право, I/41, 4.

84 Изъ дописките нѝ, Кичево 25 августъ 1895, в. Право, I/44, София, неделя, 17 септемврий 1895, 2.

85 Изъ дописките нѝ. Дебъръ, 20 октомврий, в. Право, I/48, София, неделя, 5 ноемврий 1895, 4.

86 Изъ дописките нѝ. Леринъ, 15 августъ, в. Право, I/42, 3. IX. 1895, 4.

87 Дописка. Крушево, в. Право, I/25, София, 9 май 1895, 4.

88 Дописка, Прилепъ 1 юний. в. Право, I/32, София, 1895, 4.